**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од второто продолжение на Осумдесет и шестата седница**
**на Собранието на Република Македонија**
**одржана на 31 октомври 2001 година**

Седницата се одржа во зградата на Собранието на Република Македонија, сала за седници, со почеток во 16,50 часот.

Седницата ја отвори и со неја претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање, за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

На седницата присуствуваат 77 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со утврдување на Предлогот-амандманите на Уставот на Република Македонија.

За збор се јави г. Ристе Спанаков.

**РИСТО СПАНАКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, процедурално побарав да поставам едно прашање, а тоа е следното. Пред некој ден побаравме итна седница на Собранието, за да добиеме информација од Министерството за внатрешни работи во врска со киднапираните македонци. Досега немаме никаков одговор за тоа прашање. Сношти се случија нови атаци на територијата на Република Македонија со блокирање на патот Гостивар-Тетово. Поставувам прашање дали тоа сега не е некој вид на притисок врз пратениците на Собранието на Република Македонија, за донесување на одлуки, онакви какви што треба да се донесат.

Затоа сакам да поставам едно прашање дали воопшто има резон да продолжуваме со Осумдесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија во такви услови. Во услови кога се уште немаме мир на територијата на Репблика Македонија. Во услови кога координативното тело за справување со кризи не може да ги реализира зацртаните програми од пилот-проектите за враќање на безбедносните сили во оние пилот-општини кои што се назначени.

Затоа, почитуван претседателе, прво, барам да се создадат услови за нормално функционирање на Собранието во мир, со трезвени глави и со чиста совест да можеме да работиме на предлозите што ни ги достави предлагачот, претседателот г. Борис Трајковски.

Во исто време гледам тука претставникот на г. Трајковски, е г. Фрчковски, меѓутоа, јас би сакал и претседателот Борис Трајковски како овластен предлагач да биде присутен на овие седници. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, да се договориме вака, барањето за итна седница да се разгледа информација за киднапираните граѓани е испратено до Владата и таква информација не ми е дадена и не ви е поделена. Се заинтересирав зошто не е доставена таа информација, ми е речено дека во овој момент многу поважно е да се бара решение на овој проблем таму, а не да се дистрибуира информација која би посметала на напорите на органите за барање на решение.

Затоа, ве молам сега тоа да не го истакнуваме како дополнителен проблем, внимаваме на тоа прашање, но сега дајте да работиме. Тоа е прво.

Второ, се согласувам дека не се најповолни условите во кои работиме. Пред да почнеме ми дојдоа неколку пратеници кои минуваат низ патиштата кои можат да бидат блокирани. Им кажав дека ќе работиме до 8,00 часот, до кога ми е дадено на знаење дека се ќе биде во ред и ќе се одржува редот и мирот на патиштата и секаде. Сакам да ви кажам, дека ние сепак треба да работиме во овие услови и не е таква состојбата да е толку опасна во земјата, Владата би интервенирала и би не информирала дека треба во овој момент дека е таква состојбата и дека се потребни други решенија на Собранието, а не да стопира работа сега овде.

Затоа, ве молам ние да продолжиме по Осумдесет и шестата седница.

Ние имавме претрес. - Општ претрес по амандманот V.

Од предлгачот сега сме замолени да го оставиме амандманот V и оние кои побараа збор да добијат кога ќе се вратиме на него, да почнеме односно да преминеме на утврдување на Предлогот на амандманот IV на Уставот на Република Макеоднија.

Значи се согласуваме. Добро, благодарам.

Отварам општ претрес. - Молам кој бара збор?

Господин Јордан Бошков бара збор.

Еден момент Ве молам, г. Бошков, малку седните понатстрана г. Зибери сака процедурално.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Јас барав збор.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да точно е тоа, само процедуралните интервенции имаат преднос, или можете да почекате да заврши, веќе дојде овде.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Ние можеме да се спогодиме јас да ви ја отстапам говорницата, но мислам дека не е колегијално да се бара процедурално кога еден веќе има добиено збор. Доколку вие инсистирате јас сум расположен да ја отстапам говорницата и потоа би продолжил. Повелете.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Не гледам никаква неколегијалност, ако барам процедурално интервенција и не знам зошто г. Бошков сега одеднаш да е револтиран од моето барање да изнесам процедурална забелешка повеќе во форма на прашање до претседателот на Собранието, кој ја води седницата.

Господине претседателе, ние во четвртокот кога прекинавме со расправата, ние расправавме за амандманот V. Би сакал да знаеме како понатака *ќе* тече расправата, бидејќи вие сега отварате расправа за друг амандман. Дали констатиравте дека е затворена расправата за амандман V. Зошто преоѓаме на амандман IV и како редоследно ќе одиме понатака. Мислам дека е редно да ни објасните за да се договориме и да знаеме за да и така ги посочиме дискусиите и амандманите кои сакаме да ги поднесеме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Од предлагачот кој ги достави сите амандмани од кого беше барано да ги достави сите амандмани, тогаш да одиме по редоследот по кој се амандманите нумерирани. Затоа, ќе расправаме по амандманот IV. Кога ќе завршиме со амандманот IV ќе завршиме со утврдување на текстот, нема да гласаме. За усвојувањето ќе биде после, сите заедно ќе ги усвојуваме кога ќе дојде време, зошто немаме ние доволно пратеници за усвојување. Едвај имаме 61 за утврдување на текстот. Но, ќе минеме потоа на амандманот V, ќе ја довршиме расправата, општиот претрес каде имаме 7 пријавени. Прв е г. Зибери и ќе го довршиме претресот. Во тоа е работата.

За збор се јави г. Абдула Алиу.

**АБДУЛА АЛИУ:**

Господине претседателе, ние сега во овој момент во сала сме за амандманот број V, и сме спремни да расправма за амандманот V, а не сме спремни за преамбулата, бидејќи или ќе давате пауза, да се договориме, нашите материјали се горе, а ние дојдовме само за амандман V.

Бараме пауза од 1 час.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пауза од половина час. (По паузата).

Паузата траеше од 17,00 до 17,45 часот.

Го продолжуваме претресот по Предлогот на амандманот IV на Уставот на Република Македонија. Молам, кој бара збор? Господин Златко Стојменов има процедурална интервенција.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани господо пратеници, јас сметам дека навистина е спорен самиот почеток на оваа седница во делот кој беше спомнат накратко кај еден од претходните, така да речам процедурално интервенирачи, еден од колегите кој интервенираше процедурално. Имено, за мене е уште спорно за една ваква состојба каква што е и за една ваква важна седница како што е промената на Уставот и усвојување на уставните амандмани, својството на предлагач, да биде делигирано. Навистина, Уставот во својот член 130 е јасен кој може да изврши да биде предлагач и тука завршува, за мене, она што е уставна процедура и уставен момент.

Сметам дека ако самото Собрание влезе во ризик да работи без присуство на предлагачот, без разлика на односот лицата на претседателот на државата, без разлика на односот во тимот кој работел на Уставот, кој го имале лицата во тој тим со претседателот, сметам дека единствено претседателот е меродавен и претседавач кој може да биде присутен и да даде легитимитет на предлагач на овие уставни амандмани. Во таа смисла сметам дека секоја понатамошна дискусија која ќе оди за уставните амандмани, не може да се одвива без овластениот предлагач, претседателот на Државата. Сметам дека и значењето на овие прашања за кои зборуваме и значењето на моментот кој го решаваме во Република Макддонија е доволна причина, за да го имаме како предлагач, како овластен предлагач во

Собранието, претседателот на државата и не гледам никаква врска меѓу неговото присуството и присуството на други луѓе кои се во улога на претставници на претседателот. Сметам дека не може никој да го претставува во ниедна функција претседателот на државата. Тоа е специфична функција и на ниедно место, па ни во оваа процедура не може никој да го претставува, ниту да биде делегиран од самиот претседател да извршува функции кои ги врши претседателот.

Затоа, ако не биде овде присутен претседателот, ние ризикуваме да работиме во една ризична процедура, која би била ризична од аспект на процедуралност и на деловничка правилност.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Мислам дека тоа го расправивме. Сега, да продолжиме.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Почитуван претседателе, сметам дека ова прашање не е расчистено. И, еве, од вас ако сметате дека има некоја информација која ние не ја знаеме, треба на ова Собрание да му ја дадете на која основа се овластени, во која функција се претставниците на претседателот на државата. Ние тоа како пратеници треба да го знаеме при расправата и одлучувањето на оваа седница. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За ова нема расправа. Сега ова ќе го разјасниме, потоа вие ќе имате интервенција. За ова прашање една е интервенција и по неа нема расправа. Јас ви кажав, писмото од претседателот овластува да му бидат претставници тие што тој ги именувал. Не го заменуваат тие во било што, само му се претставници во текот на расправата по амандманите. Тие се како предлагачи.

Молам, бидејќи има забелешка од г. Стојменов, очигледно тој бара да не се прифатат тие како претставници, молам, неговиот предлог го ставам на гласање на Собранието. Собранието мора да одлучи. По ова нема процедурално изјаснување. (Александар Флоровски излезе на говорницата).

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Тие учествуваа во расправата по V-от амандман и сега нема логика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, седнете си сега на место, мора да има ред.

Има забелешка и молам предлогот на г. Стојменов е даден овде, да не му се признае статус на претставници на предлагачот на лицата во дописот од претседателот. Тие работи во Деловникот се решаваат така, нема поинаку.

Кој е за тој предлог, нека се изјасни. - Ве молам гласајте.

Предлогот на г. Стојменов не е усвоен, бидејќи 17 пратеници гласале за, 11 гласале воздржано, а 32 гласале против.

Ве молам дајте да утврдиме дали има кворум.

Нека утврдат службите дали има кворум.

Присутни се 78 пратеници. Споед тоа, важи одлуката.

Продолжуваме со работа. - За збор се јави г. Столе Попов.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Сакам да укажам на една непријатна работа, доаѓајќи наваму према Парламентот надвор забележав дека Собранието се наоѓа од надворешната страна во потполен мрак, во темнина. Би сакал, навистина, да укажам на една работа, која што ниедна демократска власт не би смеела да си ја дозволи.

Надвор се организира мирен протест на некои од здруженијата, граѓанска иницијатива, луѓе кои сакаат да го изразат своето незадоволство од она што се случува во Македонскиот Парламент. Навистина, бев вчудоневиден од глетката која се случува надвор. Една непријатна слика, навистина непријатна слика и мислам дека со вакви методи не се употребуваа ни во најцрниот комунистички период, не само во Југославија, туку воопшто во комунистичка или Источна Европа, како што можеме да ја кажеме. Така, навистина, би порачал на г. Ламбе, да ги запали ламбите. Да ги запали ламбите и навистина во една ваква темнина која што сакаме или не, симболично асоцира на еден многу непријатен факт дека валканите работи секогаш се случуваат во темнина. И, би молел да се запалат светлата пред Собранието и луѓето да можат да си го искажат своето мислење и својот револт за она што во моментот и се случува на Република Македонија.

**СТОЈАН ПОПОВ:** (продолжение)

Во спротивно, јас ќе го напуштам Парламентот како знак на протест како Стојан Попов, не треба друг никој тоа да го направи ако не се соладиризира, меѓутоа, навистина во овој момент ќе го напуштам Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Даден е налог ако има некој дефект да се отстрани и веднаш да се осветли зградата како секој ден. Тоа што има некои кои изразуваат несогласувања, тоа е во рамките на нивните демократски и уставни права и никој не смее тоа да го злоупотребува или да им го загорчува животот таму.

Има збор Г. Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Почитуван Г. претседател, дами и г-да колеги, почитувани претставници на претседателот на Републиката. Помина можеби цел час откако јас добив збор да се произенсам околу поднесениот текст на Предлогот на амандманот IV и мислам дека сега ви е јасно. Потребна е колегијалност, јас се согласив колегата Насер Зибери наместо мене да добие збор за забелешка, тоа беше се во ред, но јас не се согласив за другиот колега. Потребно е да се уважуваме едни со други, колку толку, за да не се истоштуваме непотребно. Јас се согласувам и со таа пауза по барање на пратеничката група на ПДП, само да беше тоа во некоја функција. Вака не слушнавме кој беше мотивот за прекин, ниту слушнавме што произлегло од тој прекин на седницата, а и понатаму нема. Дополнително

продолживме, Г. претседател со нови јавувања за процедурата.

Инаку, сметам дека тоа што го иницираше колегата Стојменов е издржано и дека неможе бирано лице од народот да пренесува овластувања свои на други соработници, било тие да носат име повереници или претставници. Во оваа фаза посебно сепак е добро самиот предлагач, тоа е претседателот на РМ, да биде тука. Јас разбирам дека не е можно со месеци да се седи и се трпат извесни игри од претставниците во Парламентот, иако за мене тоа не се такви игри, бидејќи луѓето, па и членовите на Парламентот побудени се на итровштина, затоа што не се задоволни од рамката или процедурата во која тие се влезени. Под достоинството на овој дом е предлагачот на текстот да не присуствува. Тоа ние мораме меѓу себе да си расчистиме. Ако тоа е за предлагачот време, ако тоа е товар или одвлекување од тековните работи, тогаш можеше да се најдат и други заменици за такво нешто. Впрочем, тука гледам дека има јаки пратенички групи, и Владата исто е овластен предлагач, па можеше да се додадат кон овие предлози и тие да бидат тогаш предлагачи, така што непотребна е оваа мимикрија. На Уставната комисија Г. повереник отворено појасни, тоа ви е ценети колеги веројатно не сте ни дознале, тој е овластен само да слуша, тој е овластен само да даде појаснување, тој не е овластен за ништо друго. Навистина е нејасно каков собеседник имаме по налог или по барање на предлагачот. Бидејќи тоа Г. претседател барем за вас е јасно, јас ќе се повинам, ќе прифатам дека се е во ред и ќе се обидам да продолжам понатаму.

Вам ви е исто така познато Г. претседател дека во Собранието на РМ формиравме групација за одбрана на Уставот 1991 год. Мислам дека е интересно да се дознае кои се правата на таквата групација или колкава е потребната бројност за да може и таа барем во тек на теми кои се поврзани до измените на Уставот, да функционира како група. Јас мислам дека тоа е сосема легитимно. Јасно беше барањето за свикување итна седница, не ја видовме таа на Парламентот, а беше ветена од вас. Јасни се исказите во Рамковниот договор дека ќе се продолжи ако безбедносната состојба е нормализирана. Исто така, јасно е Г. претседател дека вие ги истакнавте таквите мерила и пристапи, прво да се дознае судбината на лицата кои се лишени од слобода нелегитимно, да не бидам премногу специфичен од кого и какви други лица, а потоа ќе можеме да продолжиме со процедурата. Нејасна е нивната судбина и ден денешен. Видовме една многу грда претстава на градоначалникот на Тетово на средбата со роднините на лицата кои се киднапирани, а нас овде во Собранието "болва не не лази". Ние ќе си продолжиме со оваа процедура. Има бележити недостатоци.

Бидејќи ми е позната судбината барем на настојувања на колегите со нешто да придонесат за повеќе ред и законитост, јас ќе престанам и нема да наведувам други аргументи. Но мислам дека во овие напори за редефинирање на државата, да не кажам за растурање на Македонската држава и дефинирање ново, кој знае со каков изглед, во тие напори беше потребно да се вткајат и промени во насока на функционално заздравување и ќе почнам со Собранието.

Прво, тоа што Собранието и натаму ќе заседава со 50% плус еден би било убаво да биде сега апсолвирано, нема амандман.

Второ, тоа што член на Парламентот, внимавајте, човек кој што е избран од народот е лишен со Уставот да биде член на Владата, тоа е многу лошо не само заради тоа што на народот му се вели вие не сте кадарни да изберете, туку уште полошо е за тој народ што тој мора да плаќа за функционери дополнително. Кога станува збор за бројноста на Парламентот, кога една Словенија има 90 или 100 пратеници, можевме и ние со 85 да работиме, па ќе биде многу поиздржливо и за тие што сега се во немаштина. Но има и ред други забелешки околу функционалноста, да не навлегувам во правосудството или во извршната поделба на претседател и Влада, тоа далеку би не носело, јас се ограничувам на Собранието. Тие нешта ќе беше убаво овој пат да се отворат и апсолвираат, немаше готовност. Сега слушаме, јас сега сум со моја процедурална забелешка Г. претседателе, дека ќе имало избори на 27 јануари идната година. Тоа може само да ме израдува, неможе за тоа да ми биде жал. Ако за нешто може да ми биде жал, тоа се овие три години Парламент, каде што јас сум присутен. Но нејасна е процедурата по која би се одело на такви избори, по сила на што, а се даваат толкувања во име на Парламентарниот дом. Ниедна надлежна Комисија во Собранието не се произнела.

Се извинувам вака што бев по малку и опширен, но тоа се нешта кои е упатно еднаш да се слушнат, а евентуално и да им се посвети внимание.

Самиот амандман IV го поништува Уставот од 1991 год, и нема потреба понатаму да се зборува за таков Устав. Во суштина ја поништува и државата која е основана со АСНОМ. Ако сакаме ние да сме одговорни, тоа така ќе го гледаме и на тоа ќе застанеме со наш политички став. Од целата планета и подалеку ако има фактори, со задоволство ќе ги чуеме нивните мислења и предлози. Но ние да одиме на самораспуштање на државата со АСНОМ-ските одлуки, за тоа немаме овластување. Учениот свет во РМ кој е повикан за уставна проблематика е едногласен. Мене ми е жал што освен соработниците на претседателот на Републиката, јас не слушнав други кои се едуцирани и се носат со таа материја, а да се изразат поволно за овој амандман. Ваков амандман неможе ни да биде донесен. Редефинирање на нешто - јас ќе се

навратам на моето изјаснување уште во првата фаза што не е ни насловено како преамбула, а упорно секаде така се означува, а и повторно сега со овој амандман не го добива насловот преамбула. Ние менуваме овде нормативен дел или нормативен дел од понизок степен, не е со таа јачина, со таа содржина на член од Уставот, но сепак тој ги обврзува сите државни органи прво на став, а потоа и на акција.

На седницата на Уставната комисија јас ги кажав моите забелешки. Нормално, тие се тука многу убаво наведени во Извештајот, но само како размислување, никако понатаму. Ако веќе некој конципира да формира држава на еден народ и дополнително на делови од еден куп други народи, тогаш упатно е во набројувањето да не се биде скржав, тогаш е подобро да се биде штедар, да се биде дарежлив, не да излезе дека тие кои ќе покажат нелојалност или готовност за борба, дека тие може да добијат позиција, а тие кои се вредни, да кажеме како пчелите, тие нема ништо да бараат. Јас мислам дека набројувањето на овие народи тука, да не ви ги цитирам сите по ред, не е доволно. Потребно е да се признае дека во цивилизацискиот од на Македонија претставува голема пресвртница, дека после пет векови османлиска власт кај нас се случува огромен егзодус. Ние околу тоа прашање можеме да имаме поделено гледиште, но фактите се такви, ние имаме бележит број на свои сонародници по етнос, а и не по етнос, но од тука кои произлегле би се населиле на друго место, кои сеуште македонскиот јазик го негуваат дома. Треба ние на тоа да се осврнеме, дефинирајќи ја или редефинирајќи ја државата.

Исто така е потребно да процениме што друго се одиграло на оваа територија што денес е РМ во текот на XX век. Јас бев експлицитен на седницата на Комисијата. Голем склад во приближувањето или во продвижувањето на овие територии кон Европската култураа имаат дадено лицата кои заради црвено-гардејскиот терор бегале од тогашна Русија, поточно Советски сојуз. Тие лица придонесоа на оваа територија да настанат или да се внедрат културни придобивки, балет, школи на фина уметност, наука, некоја филолошка, филозовска, историска, каква и да е. Економска наука малку потешко бидејќи самата Македонија не беше надарена со голем потенцијал и тоа не беше во тој период, таа беше пред распадот на Османлиската империја и можеби претставуваше центар на економските случувања во неа. Само за илустрација, крајот на XIX век, интензитетот на градби на пруги на пример е на прво место на пределите кои се етнички територии на Македонија. Не само во таа империја, туку веројатно и со други места на Европскиот континент. Но во 20-тите и 30-тите години во РМ ние немаме економија од индустриски карактер или тип, тоа што било може да се нарече како зародиш, но да сме влијаеле на пазарите ние или во трговијата овие простори да преземале некоја раководна улога, тоа не е познато. Значи теророт на црвеногардејците придонесе, поради протерувањето на белогардејците кај нас, да се внесат вредности, вредности со кои Европа се гордее. Еве, вам ви е познато колку таму се негува наследството, па и архитектонското, музиката. Овде во Македонија ние сме должни да одадеме почит кон тие лица.

Друго многу важно, ако веќе се обидуваме да редефинираме држава и тоа се обидуваме да не кажеме кои малцинства, но многу важно е да се воспостават јасни поими кој е припадник на дел од народ во смисла на Уставот и во смисла на законите кои подоцна ќе произлезат. Една високо демократизирана Република Унгарија, чие што третирање на малцинските аспекти ги доби најголемите оценки и можеби ја предводи лигата на држави со давање национални, малцински или етнички права во таа држава Унгарија со закон е дефинирано кој е припадник на етничка заедница или група. Тоа во секој случај се лица кои имаат корен на територијата на Република Унгарија, лица кои барем пред 1910 год, така е во нивниот закон или ако не е, добро би било некој тоа да го покаже со изнесување на соодветно место од Унгарскиот закон, тие лица кои имаат корен пред 1910 год, на територијата на Република Унгарија можат да ги користат правата кои произлегуваат од законодавството за национални или етнички малцинства. Инаку во таа првенка меѓу државите кои почитуваат малцински права, таму не се обидуваат да заговараат заедници. Јасно е што е тоа национално малцинство. Заедници е еден поим кој внесува со себе конфузија, посебно во економски назадни средини.

**ЈОРДАН БОШКОВ:** (Продолжение)

Понатаму, мене ми остана нејасно зошто припадниците на тие народи или делови, тука како што стои, се условуваат со поими, со термини кои тие можеби не ги ни поддржуваат. А, исто така пак и со поими кои нашиот современ литературен јазик не ги издржува. Околу Ромите не мислам да навлегувам, бидејќи тука за мене се јасни нештата. Околу Бошњаците, мислам дека тоа е од наша страна јазички нерасветлен поим. Тие лица, секако, формирале народ. И, нема да се спори околу тоа. Но дали транскрипцијата по македонски ќе биде вака, со Б-О-Ш-Њ-А, тоа ние сме должни самите да размислиме. Оти, има и други начини. Не сакам сега да давам предлози, бидејќи станува збор за лица кои треба соодветно да бидат отсликани во актот на државата. Не мислам ним да им кројам капа. Само, упатно е да се види дали македонскиот јазик може ваков поим да преработи.

Кога сме веќе околу тој јазик, убаво е да размислиме што е воопшто со условувањата и на другите нации. Ние се поведуваме според тоа каква била културата или културната доминација кај нас. Но, Норвешка, Шведска или Финска мене ми звучат многу немакедонски. Не е битно колку тоа се обидуваме со децении да го одомаќиниме, да го одомиме тука, да му дадеме наш карактер.

Има и некои други прашања, но за тоа мислам други институти се повикани и учени од дел од народот, но добро е ние малку да ги мотивираме.

Поимот Влашки народ, колку јас што сум упатен е дефектен. Тоа е наметнато име од луѓе или култури кои вршеле асимилација. А, ние имаме, ако сте внимателни, ценети колешки и колеги, имаме и дописи од претставниците или партиите, што и да се, асоцијации, каде пишуваат како тие себе се нарекуваат и како мислат дека е коректно да бидат наречени. И, повторно повикани ќе бидат нашите лингвисти па да проценат дали е упатно тие што предлагаат токму тоа да биде тука наведено. Но, со ваков поим и понатаму да се оперира е нездраво.

Јас гледам проблем и кај овој амандман и во тоа што тоа е една огромна реченица, граматичка неконсолидирана, со недоречености и неразбирлива. Ова е начин на пишување каков што имаше со продорот на фамозното учење за самоуправниот социјализам. Пишувате, пишувате, а нејасно ви е што е тоа. И на крај, тие што слушаат неможат да разберат. За споредба, постојниот текст на воведниот дел во Уставот, би сакал да нагласам, можеби е досадно, не на преамбулата, тој е многу читок и разбирлив, мислам дека и школските деца се носат со него. Ако ова некој се обиде да го прочита јасно и гласно и да ја праша слушателската публика - што разбра од тоа, јас мислам дека грото од слушателите би биле збунети. Или да прераскаже што тоа слушнале. Деликатно е.

Овој текст, со таков набој, со толку желба за исказ, упатно е да биде расчленет на повеќе реченици и да биде јасно што фактички се мисли. Само, мене ми е, од друга страна разбирливо. Овој караван, да не кажам карневал, еве, караван нека е, отпочна со потпишување на Рамковен договор на, за нас, туѓ јазик. И, ние се нафативме да работиме со верзија што официјално е на англиски. При тоа не зедовме предвид дека самисн англиски јазик има неколку официјализирани варијанти. А, колку јас сум запознат со англискиот, ни една од тие официјализирани не е таму присутна. Така што ние и да сакаме неможеме да добиеме толкување. Можеби во иднина граѓаните, парламентарците, судиите, други функционери во Република Македонија блескаво ќе говорат англиски. Можеби тие ќе умеат мериторно да толкуваат што таму било потпишано во Скопје, а било договарано во Охрид. Но, ние, денешниве, никако не можеме да се носиме со тоа. Што ќе биде во меѓувреме?

Инаку, кога сме околу набројувањето на народи, јас сметам дека упатно би било ово овој дел, штом веќе таков продор се врши, делови на народи да се напишат, упатно би било да се стават и тие кои се од Американскиот народ. И од нив имаме ние во XX век исто, културно влијание. А имаме и во XXI век. Добро, Перду, вистина, дојде во XX век, но тој е чиновник. Тој не е интересен. Интересни се Американците кои се приватни лица. И, тие, какво влијание извршиле во оваа држава. Мислам дека, доколку сакаме да сме делотворни, убаво е ова да се продлабочи. На Комисијата за моите иницијативи немаше слух. Јас мислев дека Комисијата ќе смогне сили овие нешта околу насловите на народи или делови на народи, околу историјата, дека тоа ќе може да се со неколку комисиски амандмани ние да го апсолвираме и на некаков начин и на Собранието да му олеснеме. Но, ете, гледате, Комисијата не била на таа височина или пак можеби јас сум бил во некој длабок процеп, или сум сонувал но во секој случај убаво е и јазиците, веднаш веќе тука да се набележат. Не е битно што порано ги немало. И ред други нешта немаше порано, а ред други нешта имаше. Убаво би било, барем англискиот, рускиот, и онака се јазици во Обединетите Нации и тие да бидат тука уфрлени. Ние тежнееме кон интегрирање со овој свет. Ние не тежнееме да се изолираме. Независно од тоа што нашите партнери десетина години на ред не удираат по челото, или барем така нам ни личи или ние сами се залетуваме, па со чело во ѕид, па некако не туркаат подалеку од себе и можеби на крај ќе завршиме како турско-азиска држава.

Ден денешен, нашите млади луѓе не знаат или немаат чувство за европските краишта. Ден денешен нашите претприемници имаат мака да патуваат во државите во Европската Унија, а и други кои ете во иднина би биле. Дали се европеизира или се деевропеизира Република Македонија. Тоа е отворено прашање. Тоа не е тема за да се подзаборави. Би можело, штом веќе се проговара, иако без овластување, оти Собранието даде сосема други налози, да не се навраќам на тоа какви беа заклучоците, упатно беше нашите добронамерни партнери да излезат со своја иницијатива за европеизирање на Македонија. Името да не биде спорно, слободата на движење, не само кон државите на Европа, туку и во соседството. Да престане било која загрозеност кон Република Македонија, од било каде да е. Макар да тоа била сега слабата албанска држава, макар да тоа била територијата Косово со недефиниран статус. Тоа беше предтекст. Тоа баравме да се постигне. Или, барем тие што сакавме да остане Уставот. Ние сеуште бараме да остане Уставот, бидејќи ниту една од стратегиските цели на оваа држава не е исполнета. Вака, со вакво редефинирање на државата, а во натамошните амандмани, како сакате гледајте, веќе нештата се кажани, анализирани, посочени и натаму само може да стане нивна доработка.

Ние имаме, веројатно, многу малку маневарски простор. Ние ќе мораме да формираме тогаш нов Израел. Ние ќе мораме сами да поведеме сметка за нашата безбедност. Ние ќе мораме сами да бидеме дораснати со задачите што се наложуваат за било која државна власт, а тоа е да им обезбеди на луѓето мир и спокојство.

Една од моите забелешки, веројатно била сватена во Комисијата, тоа е не само моја, но еве, добро, јас сум тука член на Парламентот па јас можам тоа да го кажувам. Тоа е изоставениот предлог, при крајот од пасусот 1, овој долгометражен пасус, преку своите претставници во Собранието. Недостига тоа "во". Можеби тоа ќе трпи некаква коректура или лектура, иако во суштина тоа ќе биде повторно без официјален амандман или додавка на овој амандман број 4, тоа ќе биде многу слободно толкување. Не може лектурата на законски или на уставен материјал да биде помериторна од тоа што било гласано.

Така што, нужно е овој текст, а и останатите да бидат пречистени ако сакаме ние нешто да сработиме за државата. Но, јас лично сметам дека овде е на дело акција за растурање на македонската држава, па во таа насока може да се работи или оперира и со загадени текстови.

Во целост го отфрлам овој амаднман и сметам дека Собранието е должно да покаже зрелост и да се прекине со ваквиот начин на претресување на важни нешта, а при тоа да се изигрува или да се глуми незасегнатост и ноншалантност.

Јас сум, колеги и колешки погоден од тоа што гледам како кај вас се вратија насмевките во приватната комуникација, а народот наш и натаму е раселен, народот наш и натаму нема покрив, народот наш и натаму е под снајпери. Не може да се олабавиме толку, многу е битен моралниот интегритет, како ќе се гласа за вакви важни прашања. Тој морален интегритет јас се обидувам да си го објаснам за себе. Едвај наоѓам оправдување јас да поддржам вакво нешто. Едвај. Односно, воопшто да учествувам во гласањето, а камо ли да се изјаснам со "за". Тоа е проблематично и од тој аспект што овој Парламент за десет години не успева, барем да ги отвори картите кај своите членови околу финансиската состојба, имотна или некоја друга. Утре ние ќе останеме овде во земјата, ние ќе сме должни да се гледаме со тој народ. Малкумина, доколку настане каша, малкумина ќе имаат начин да се доберат до други, помирни краишта на планетава. Грото ќе бидат тука. Како ќе може да се гледаме со тие луѓе?

Интегритетот на учесниците, односно на членовите на Парламентот мора да биде расчистен. Мора да биде јасен. Тие не се исфлекани. Мора да биде јасно дека парламентарците, навистина, претставуваат цвет на овој народ. За жал, впечатокот е поинаков. Може ќе успееме, да се надеваме. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Збор има господин Мерсел Биљали.

Се извинувам господин Столе Попов, бара збор процедурално.

**СТОЛЕ ПОПОВ:**

Пред малку изнесов едно свое видување и барање, бидејќи не е постапено по барањето, сеуште надвор е темнина и навистина, сметам дека оваа, таканаречена демократска власт и ние како народни избраници како пратеници немаме храброст, смелост да го запалиме светлото и на светлина да погледаме во очите на своите избирачи, во очите на своите граѓани, дека таквиот чин на наше однесување е срамен и нечесен.

Повторно сакам да го искажам својот револт и да кажам дека ќе ја напуштам седницата во знак на протест, а правото да зборувам за овој амандман IV, кој што меѓу другото не го прифаќам мислам дека е апсолутно безсмислен, ќе го оставам за друга прилика. Во овој момент, бидејќи на граѓаните им е одземено правото да го искажат својот револт и незадоволство во однос на Рамковниот договор и на она што се случува во Собранието, а со тоа е оневозможено на македонската јавност, затоа што медиумите, телевизиите не можат да регистрираат ништо пред Собранието, а чисто рестриктивно е укината струјата, затоа што само околу Собранието, пред Собранието и во паркот нема светло, сакам да останам доследен на своето барање и на својот искажан став, па во знак на револт ја напуштам оваа седница.

Навистина, не можам да се изначудам на лесното тијата со која се пристапува на овој чин во овој момент, за кој веќе еднаш искажав свое мислеше и тој чин го сметам за еден, навистина, би рекол најголем, најголем срам во македонската понова историја.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, јас само би кажал дека дадовме налог да се запали светлото, ама самите, верувајте не сме електричари да можеме да запалиме.

(Пратеникот Столе Попов ја напушта седницата со коментирање од место).

Добро, утре ќе има сонце, и ќе зборите на сонце.

Има збор, господинот Климовски.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Молам, господине претседателе, јас ги молам сите пратеници, со оглед дека тенденциозно е замолчен гласот на народот, ајде што сакаа нас да не замолчат, ќе ве молам да направиме пауза да ги направите сите усилби да се запали светлото пред Собранието (реакции во салата).

Не е ова за смеење. Тие луѓе нас не избрале овде и сакаат да го изразат својот револт. Во таква една ситуација јас, навистина, немам морално право да говорам овде.

Затоа предлагам да направиме една пауза, да се заложите вие лично за 15-тина минути тоа да се овозможи пред граѓаните, а ние да продолжиме со работа после тоа. Во спротивно, јас исто така ќе ја напуштам салата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Навистина, сугестијата многу ја почитувам, еве пак ќе го задолжиме секретарот госпоѓата Чукалиева да се заложи да интервенира и доволно е тоа. Ние неможеме да одиме ние да палиме светло и да правиме овде пауза.